**20182083746**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување на Изборниот законик,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 ноември 2018 година.

Бр. 08-6542/1
12 ноември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), во член 26 ставот (4) се менува и гласи:

„Мандатот на претседателот, потпретседателот и членовите на Државната изборна комисија трае од денот на изборот од Собранието на Република Македонија до изборот на нов состав на Државната изборна комисија, но не подолго од две години.“.

Член 2

Одредбата од членот 1 од овој закон се применува на постојниот состав на Државната изборна комисија.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.